# ЛИСТА НА ПОКАЗАТЕЛИ ЗА РАБОТАТА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ И ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ ПРИ ВРШЕЊЕ НА СТРУЧЕН НАДЗОР

## Простор и опрема

| | Состојба | да | не | Не може да се примени | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| **Простор и опрема** | | | | | |
| **1.** | Аптеката има обезбедено место пред официната за седнување на пациенти. | | | | |
| **2.** | Аптеката има соодветен простор за изработка на галенски и/или магистрални препарати. | | | | |
| **3.** | Аптеката располага со простор за реконституција на сирупи. | | | | |
| **4.** | Аптеката има соодветна лабораторија за контрола на галенски и/или магистрални препарати. | | | | |
| **5.** | Аптеката располага со железен орман за чување на наркотици кој е постојано заклучен. | | | | |
| **6.** | Аптеката располага со соодветна опрема за реконституција на сирупи (мензура, дестилирана вода со исправен рок итн.) и прибор за изработка на магистрални препарати. | | | | |
| **7.** | Аптеката располага со фрижидер, термометар во фрижидерот и температурата постојано се мери и се следи. | | | | |
| **8.** | Аптеката има компјутер на секое работно место за издавање, пристап до интернет и бар код читач. | | | | |
| **9.** | Сите лекови и други медицински производи соодветно се наредени и се заштитени од температура, влага и светлина. | | | | |
| **10.** | Во аптеката има јасна раздвоеност на лековите од додатоците на исхрана и останатите производи. | | | | |
| **11.** | Хомеопатските лекови се одвоени и заштитени од електромагнетни зрачења. | | | | |
| **12.** | Во магацинскиот простор лековите и другите медицински производи се соодветно наредени. | | | | |

| | Состојба | да | не | Не може да се примени | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| **13.** | Аптеката има соодветен простор за советување на пациентите. | | | | |
| **14.** | Аптеката поседува прирачници, регистри и друг вид на печатена или електронска стручна литература базирана на докази. | | | | |

## Кадар (фармацевти, должности, одговорности и компетенции)

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Фармацевтот ги препознава медицинските потреби на пациентите. | | | | |
| **2.** | Фармацевтот правилно и прецизно ја одбира формата, дозата и пакувањето на лекот. | | | | |
| **3.** | Фармацевтот соодветно го избира лекот кој се издава или не се издава на рецепт. | | | | |
| **4.** | Фармацевтот ги советува пациентите во однос на безбедната и рационална употреба на лековите, како и нивно правилно чување. | | | | |
| **5.** | Фармацевтот врши проценка на интеракцијата на лекот со други лекови, производи и храна. | | | | |
| **6.** | Фармацевтот јасно и разбирливо го запишува начинот, времето и периодот на земање на лековите при нивно издавање. | | | | |
| **7.** | Фармацевтот ги следи ефектите и крајниот резултат од лекувањето. | | | | |
| **8.** | Фармацевтот го известува Националниот центар за пријавување на несакани реакции во случај кога несаканата реакција е предизвикана од употреба на лекови и води евиденција при тоа. | | | | |
| **9.** | Фармацевтот ја препознава злоупотребата на лековите и/или другите медицински производи и презема соодветни мерки во однос на тоа. | | | | |
| **10.** | Фармацевтот посветува доволно време при издавањето на лековите, посебно кај пациенти кои имаат проблеми со разбирањето или тешкотија во давањето на информации на пр. кај луѓе со оштетен вид, слух или говор. | | | | |

| | Состојба | да | не | Не може да се примени | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| **11.** | Фармацевтот го почитува начелата на приватност, доверливост и тајност на информациите и податоците за пациентите и нивната терапија. | | | | |
| **12.** | Фармацевтите ги почитуваат правата и изборот на пациентот. | | | | |
| **13.** | Фармацевтот во своето работење користи прирачници, регистри и друг вид на печатена и стручна литература базирана на докази. | | | | |
| **14.** | Фармацевтот ги воочува медицинските грешки и  презема соодветни мерки. | | | | |
| **15.** | Фармацевтот ги информира надлежните органи за недостатокот од лекови и други производи. | | | | |
| **16.** | Фармацевтот има лиценца за работа. | | | | |
| **17.** | Фармацевтот е регистриран во Фармацевтска комора на Македонија и редовно и уредно ги врши своите обврски во однос на континуираната едукација. | | | | |
| **18.** | Фармацевтот ја следи континуираната едукација и се грижи за својот професионален развој. | | | | |
| **19.** | Фармацевтот води сметка за личната хигиена и носи работна униформа (бел мантил) | | | | |
| **20.** | Фармацевтот се грижи за работната атмосфера и мотивација на колективот во кој работи. | | | | |
| **21.** | Фармацевтот е точен, прецизен, одмерен, културен и ефикасен во комуникацијата со пациентите, клиентите и членовите на нивните семејства. | | | | |
| **22.** | Фармацевтот води јасна, конструктивна и стручна комуникација со другите здравствени работници (лекари, медицински сестри). | | | | |
| **23.** | Фармацевтот ја познава регулативата од областа на здравствената заштита, лековите, медицинските помагала и здравственото осигурување. | | | | |
| **24.** | Фармацевтот ги познава основите на маркетингот и продажбата. | | | | |

## Услуги

| | Состојба | да | не | Не може да се примени | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Во аптеката се издаваат лекови на товар на ФЗОМ. | | | | |
| 2. | Издавањето на лекови со рецепт го врши фармацевт со лиценца. | | | | |
| 3. | Снабдувањето со лекови се врши редовно, според потребите на пациентите. | | | | |
| 4. | Пациентите во аптека добиваат соодветно упатство за користење на лековите. | | | | |
| 5. | Аптеката изработува галенски и/или магистрални препарати. | | | | |
| 6. | Магистралните лекови во аптеката се приготвуваат според прописите предвидени со закон. | | | | |
| 7. | Во аптеката се издаваат хомеопатски лекови. | | | | |
| 8. | При издавање на хомеопатските фармацевтот ги применува упатствата на ДФП. | | | | |
| 9. | Во аптеката се издаваат додатоци на исхраната. | | | | |
| 10. | При издавање на додатоците на исхрана во аптеката пациентот се советува за нивната употреба и безбедност. | | | | |
| 11. | Во аптеката се издаваат медицински помагала. | | | | |
| 12. | При издавање на медицинското помагало во аптеката пациентот се советува за неговата употреба и безбедност. | | | | |
| 13. | Аптеката има книга за наркотика. | | | | |
| 14. | Овластениот фармацевт води евиденција за наркотици. | | | | |
| 15. | Во аптеката се води сметка за исправноста, точноста и законитоста на рецептите и се води електронска евиденција за издадените рецепти. | | | | |
| 16. | Во аптеката се организираат и се спроведуваат активности од областа на промоцијата и заштитата на јавното здравје. | | | | |
| 17. | Во случај на недостаток на лекот аптеката презема мерки за негово најитно снабдување. | | | | |

**Управување работата на здравствената установа и на здравствените работници како и водењето на евиденција и документација**

| | Состојба | да | не | Не може да се примени | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| **Управување со податоци** | | | | | |
| 1. | Аптеката има софтвер кој овозможува архивирање на податоците поврзани со прометот ден по ден. | | | | |
| 2. | Во аптеката се применува безбедносна заштита (бекап) на сите податоци кои се архивираат електронски и истиот редовно се применува (еднаш или повеќе пати во денот). | | | | |
| 3. | Податоците кои се однесуваат на прометот со лекови на товар на ФЗОМ се архивираат 5 години наназад. | | | | |
| 4. | Во аптеката софтверски се креира електронско досие за пациенти кое содржи податоци како: име и презиме, матичен број, ЕЗБО, регистарски број, носител на осигурување, име и презиме на носителот, матичен и ЕЗБО број на носителот за издадените лекови на товар на ФЗОМ. | | | | |
| 5. | Електронското досие за пациентот содржи адреса на живеење и телефонски број за контакт. | | | | |
| 6. | Електронското досие за пациентот содржи податоци за издадените лекови по генеричко или заштитено име(подигната терапија) со датум кога е подигната истата и може да се повика за одреден период. | | | | |
| 7. | Со личните податоци на пациентите се постапува доверливо според законските одредби (Закон за заштита на личните податоци). | | | | |
| 8. | До личните податоци на пациентите во аптеката имаат пристап само овластени лица. | | | | |
| 9. | Податоците за издадените лекови и податоците од електронското досие се повикливи во секое време за сите партии кои се авторизирани да побараат пристап | | | | |

| | Состојба | да | не | Не може да се примени | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 10. | Рецептите за подигнатата терапија на лековите кои се пропишуваат со режим „Р“ подигнати со лични средства се архивираат ден за ден. | | | | |
| 11. | Се креира печатен извештај за издадените лекови подигнати со лични средства ден за ден. | | | | |
| **Управување со грешки при работењето** | | | | | |
| 12. | Постои процедура во писмена форма за справување со грешки настанати при работењето (откривање, пријавување, преземање одговорност и брза акција) или стручниот персонал на некаков начин е обучен за справување со ваквата ситуација. | | | | |
| 13. | Фармацевтот при издавањето на лековите, посебно оние за хронична терапија, проверува кои лекови и под кое заштитено име претходно биле издадени, користејќи го електронското досие на пациентот од аптеката или електронскиот здравствен систем. | | | | |
| 14. | Лековите со слично надворешно пакување се чуваат одвоено за да се избегне замена при издавање. | | | | |
| **Управување со залиха** | | | | | |
| 15. | Податоците за залихата се достапни софтврски во секое време. | | | | |
| 16. | Дефектурата се креира софтверски и содржи податоци за потребното дополнување на залихата. | | | | |
| 17. | Аптеката води евиденција за лековите со кратки рокови електронски или во писмена форма. | | | | |
| 18. | Лековите со краток рок се обележани (на пр. со налепница, стикер во боја) или се чуваат посебно. | | | | |
| 19. | Аптеката презема соодветни мерки во случај на прием на лекови и др. медицински производи со оштетена амбалажа, како и во случај кога постои сомневање за неисправност или грешка во испораката. | | | | |

| | Состојба | да | не | Не може да се примени | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 20. | Во аптеката се води сметка за лековите и другите медицински производи со мала излезност. | | | | |
| 21. | Аптеката има систем за евиденција на доспевање и плаќање на фактурите. | | | | |
| **Управување со конфликти и следење на задоволството на пациентите** | | | | | |
| 22. | Во аптеката има сандаче за пофалби и поплаки. | | | | |
| 23. | Во  аптеката по доставена поплака од пациент се преземаат соодветни мерки за отстранување на конфликтот. | | | | |
| 24. | Во аптеката се следи задоволството на пациентите од услугите и работењето на аптеката и за тоа постои печатен образец. | | | | |
| **Управување со готовината од остварената продажба** | | | | | |
| 25. | Аптеката има процедура во пишана форма за управување со готовината (спремање и чување) или вработените се соодветно обучени за оваа процедура. | | | | |
| **Одговорност за вработените** | | | | | |
| 26. | Во аптеката се креираат дневни задолженија за секој вработен поединечно. | | | | |
| 27. | Фармацевтот има јасна дефинирани работни задачи во согласност со законите и професионалниот и етички кодекс исклучени од субјективни влијанија. | | | | |
| 28. | Фармацевтите и другиот стручен кадар што работат во аптеката се соодветно означени и именувани (носат беџ за идентификација). | | | | |
| 29. | Вработените во аптеката се осигурени за професионална одговорност и заштита на работното место согласно Законот за здравствена заштита. | | | | |
| 30. | На секој фармацевт му се овозможува и дозволува да следи континуирана едукација. | | | | |
| 31. | Фармацевтот користи пауза во текот на работното време. | | | | |
| 32. | Фармацевтот користи годишен одмор во согласност со актуелното законодавство. | | | | |